# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ОСНОВИ НА ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ” ОД ПРОФ. Д-Р СОЊА ПЕТРОВСКА И АС. ДОКТОРАНД Д-Р ЈАДРАНКА РУНЧЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1602-161/28 од 124. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки одржана на 20.9.2018. година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– д-р Љупчо Кеверески, редовен професор, Педагошки факултет, при Универзитет „Св. Климент Охридски“, Битола;
– д-р Снежана Јованова-Митковска, редовен професор, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“, Штип;

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „ОСНОВИ НА ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ” од проф. д-р Соња Петровска и асистент докторанд д-р Јадранка Рунчева наменет за студентите на прв циклус студии на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултет за образовни науки го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот**

Учебното помагало – скрипта со наслов **„Основи на инклузивно образование“** од авторите проф. д-р Соња Петровска и асистент докторанд д-р Јадранка Рунчева е пишувана согласно со Наставната програма за предметот Инклузивно образование и претставува соодветно структурирана и заокружена целина. Напишана е со јасен, лесен и разбирлив јазик. Композицијата на ракописот по обем и структура ја опфаќа севкупната наставната материја предвидена со наведените предметни програма и во целост одговара на потребите на студентите од соодветните студиски програми. Приложениот материјал е дидактички соодветно конципиран и истиот концепт во континуитет се задржува низ целиот труд.

Скриптата е наменета за студентите на Факултетот за образовни науки на студиските насоки: Одделенска настава, Предучилишно воспитување и Педагогија, како и на сите останати студиски програми на факултетите при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип кои во својата структура ја содржат студиската програма Инклузивно образование. Согласно со студиските програми акредитирани во учебната 2017/2018 година, студентите од Одделенска настава и Предучилишно воспитување предметот Инклузивно образование како изборен предмет го изучуваат во четврта година на студии, VII семестар со фонд на часови 2+2+1, додека на насоката Педагогија се изучува во четврта година на студии, VII семестар со фонд на часови 3+2+2, како задолжителен предмет.

**Податоци за обемот ракописот**

Скриптата содржи 124 страници напишани во А4 формат, единичен проред. Трудот е пишуван во А4 формат, единичен проред. Користен е фонт на букви Arial и големина на фонд 11. Библиографијата вклучува 84 библиографски единици (книги, списанија, извештаи, нормативни акти, електронски изданија, електронска база на податоци). Обемот на ракописот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**

Учебното помагало - скрипта се јавува како резултат на реалната потреба од креирање на ваква скрипта од наставниот предмет Инклузивно образование. Имено, произлегува од потребата да се обезбеди литература за потребите на наставната дејност на Факултетот за образовни науки и заснована е на анализа на научна и стручна литература од земјата и странство. Во себе ги интегрира бројните теоретски и емпириски сознанија за инклузивното образование. Усогласена е со новите текови во современите педагошки, дидактички дисциплини. Во нашата земја ретки се трудовите со сличен наслов, но оваа скрипта е одраз на современата теорија и практика и претставува одраз на современиот третман на инклузивното образование во светски но и во наши рамки.

Сметаме дека приложениот материјал е значаен не само за студентите, но и за воспитувачите во детските градинки, одделенските наставници, стручните соработници, т.е. за сите едукатори на деца и млади лица, граѓани на нашето општество чија интенција е создавање на демократска инклузивна заедница.

Краток опис на содржината: Ракописот е структуриран во осум целини кои ја следат структурата на предметната програма и логично, постапно и редоследно се надоврзуваат и надополнуваат една на друга. Согласно со структурата и обемноста на материјата опфатена во секоја целина, истите соодветно се поделени на одделни подделови.

Во првата тематска целина со наслов Инклузија, инклузија во образованието – поим и суштина се наведени карактеристики на овој значаен концепт кој се однесува на образованието и воспитанието за сите, концепт кој е во согласност со тенденциите за остварување на правото на образование на сите граѓани без оглед на разликите помеѓу нив. Авторите јасно, концизно го идентификуваат поимот инклузија; на едноставен начин ни ја експлицираат образовната инклузија, одредувајќи ја како: образовна инклузија во поширока смисла на зборот која се однесува на вклучувањето на децата и возрасните во образовниот систем кои поради психофизички, социјално културни, воспитно-образовни можности, етнички и други разлики се подложни на социјална исклученост, изложени на социјална маргинализација, а со тоа и обесправени и ранливи и образовна инклузија во потесна смисла на зборот како барање во кое се нагласува правото на секое дете на образование во согласност со неговите можности. Во оваа целина, авторите акцентот го поставуваат на суштината на инклузивното образование како еден од аспектите на општествената инклузија, кој се однесува на образование со насоченост кон образовните барања и потреби на сите, деца и возрасни, со посебна насоченост на оние кои се подложни на социјална исклученост, социјална маргинализација, а со тоа и обесправени и ранливи.

Втората тематска целина се однесува на развојот на идејата за инклузија за што сведочи и насловот на оваа тематска целина „Развој на идејата за инклузивно образование (од исклученост до инклузија)“. Согледувањето на историскиот развој на идејата за инклузија, инклузивно образование, кои своите корени како што истакнуваат авторите ги има во различните педагошки пристапи кај различни познати теоретичари (авторите даваат детални објаснувања за различните теории) е значајно за разбирање на денешниот концепт на оваа современа педагошка идеја на инклузивно воспитание и образование.

Третата целина е посветена на идентификацијата на децата со посебни образовни потреби (децата со оштетен вид, оштетен слух, пречки во говорот, пречки во телесниот развој, пречки во менталниот развој, децата со аутизам, комбинирана попреченост, децата со потешкотии во учењето). Авторите нудат и јасни, конкретни препораки за педагошка работа со овие деца.

Во четвртата целина со наслов Инклузивни училишта и детски градинки авторите јасно, недвосмислено ги истакнуваат суштината, карактеристиките на инклузивните училишта, детски градинки, постапно нè запознаваат, воведуваат во суштината и значењето на индексот на инклузија, како и потребата од градење, значење, улога и активности на членовите на инклузивните тимови во инклузивните училишта, детски градинки.

Наставникот, воспитувачот и стручните соработници во инклузивното образование е насловот на петтата тематска целина во која се разработени значењето и улогите кои ги имаат одделните стручњаци во квалитетната имплементација на инклузивното образование во инклузивните училишта, градинки, во креирањето на инклузивната заедница.

Шестата и седмата тематска целина - Придобивки од инклузивното образование: Бариери на инклузивното образование упатуваат на предностите, т.е. слабостите, бариерите на кои се наидува при имплементацијата на инклузивното образование. Истакнати се и препораки за успешно премостување, надминување на сите бариери и креирање на инклузивни средини.

Последната тематска целина насловена - Соработка со родителите и инклузивното образование упатува на потребата, значењето, улогата која ја имаат родителите како значаен фактор за успешната имплементација на инклузивното образование.

Внимание во скриптата заслужуваат и прилозите во кои се опфатени бројни меѓународни и домашни документи кои ја уредуваат проблематиката поврзана со инклузијата, инклузивното образование.

Систематскиот пристап во креирање на содржините во ова учебно помагало, доследноста во начинот на нивната елаборација, спектарот на слики и илустрации кои го привлекуваат вниманието на читателот, го олеснува усвојување на наставната материја. Согласно со горенаведените констатации, а врз основа на детално анализирање на содржината на ракописот, го даваме следниов

**ЗАКЛУЧОК**

Учебното помагало (скрипта) „Основи на инклузивно образование" од проф. д-р Соња Петровска и асистент докторанд д-р Јадранка Рунчева претставува концизна, јасна и сеопфатна целина на содржини кои се однесуваат на теоретските аспекти на инклузивното образование.

Структурата на материјалот, едноставноста на стилот на пишување, дидактичката конципираност, успешната комбинација на теоретски разработки на различните аспекти на инклузивното образование и наведени примери упатуваат на тоа дека ова учебно помагало ќе им овозможи постигнување на предвидените од оваа област компетенции на студентите.

Имено, ова учебно помагало, со актуелноста на проблематиката која ја третира, со теориско-емпирискиот пристап во нејзината елаборација, ќе најде примена како задолжителна литература во едукацијата на студентите не само на Факултетот за образовни науки, едукацијата на студентите од други студиски програми на Универзитетот „Гоце Делчев", па и пошироко во едукацијата на сите граѓани кои имаат за цел креирање на инклузивни заедници, инклузивно општество. Цениме дека трудот ќе даде голем придонес како за студентите, така и за пошироката стручна јавност.

Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да му предложиме учебното помагало (скрипта) „Основи на инклузивно образование" од проф. д-р Соња Петровска и асистент докторанд д-р Јадранка Рунчева да го одобри за издавање.

**Рецензенти**

**Д-р Љупчо Кевереска, редовен професор, с.р.**

**Д-р Снежана Јованова-Митковска, редовен професор, с.р.**